# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.
ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## СОРАБОТНИК ВО СЕКТОР ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ
**(локација Кавадарци)**

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС - Електротехнички факултет
- Одлично познавање на Англиски јазик пишуван и говорен
- Познавање и искуство во администрирање на Microsoft оперативни системи ќе се смета за предност
- Познавање на компјутерски мрежи(LAN, WLAN), TCP/IP ќе се смета за предност
- Дополнителни обуки, усовршување и Microsoft сертификати ќе се смета за предност
- Комуникативност, организираност, систематичност и темелност во работата, навремено и креативно исполнување на обврските, чувство за тимска работа и одговорност
- Возачка дозвола Б категорија

**Клучни одговорности:**

- Обезбедување навремена и квалитетна техничка поддршка на сите крајни корисници во компанијата
- Анализирање на деловните процеси во компанијата и давање препораки за подобро искористување н постоечките софтверски апликации во компанијата (ERP, CRM, E-Archive, DMS, BI)
- Учество во имплементирање на нови софтверски апликации за подобрување на деловните процеси во компанијата
- Учество во инсталирање и одржување на целокупната компјутерска, мрежна и телефонска опрема
- Водење грижа секој вработен во компанијата да биде соодветно опремен и обучен за работа со комуникациските системи во компанијата
- Учество во развојот на нови процедури, правилници, стандарди, спецификации, методи и процеси
- Водење и ажурирање на системската и техничката документација согласно барањата на ISO стандардите
- Обезбедување безбедност на компјутерската мрежа и електронските податоци на компанијата

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, можности за обуки и кариерен развој. Изборот на кандидатите ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме пријавете се и аплицирајте на следниот ЛИНК најдоцна до 14.06.22 година.**

